**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09 –22/2
09.07.2020 година
Велес

| | |
|---|---|
| **СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ - Куманово** | |
| **Извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 18, 19 и 20 декември 2019 година |
| **Број на извештај:** | Бр. 14 /2019 година,Кумановски |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Гордан Стојчевски |
| **Вид на училиштето:** | Средно училиште |
| **Подрачни училишта** | нема |
| **Основач на училиштето:** | Општина Куманово |
| **Наставен јазик:** | Македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 974 |
| **Полова структура на ученици:** | 379 машки и 595 женски |
| **Број на наставници:** | 76 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Горан Димитриеевиќ |
| **Директор на училиштето:** | Марија Тодоровска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 14,15 и 16.11.2016 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.,,Перо Чичо“ бр.31а |
| **Телефон:** | 031/421 079 |
| **Факс:** | 031/437 086 |
| **e-mail:** | gdku10@yahoo.com |
| **Оценка ИЕ** | 3,35 - Добро[1] |

Инспекцискиот надзор е извршен согласночленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014 и 33/2015 и 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

## РЕЗИМЕ

Инспекциски тим од три Државни просветни инспектори ја спроведе Интегралната евалуација во Средно Општинско Училиште Гимназија„ Гоце Делчев"Куманово , на 18,19 и 20 декември 2019 година

За време на престојот во училиштето, Државните просветни инспектори остварија средби со директорот и стручната служба, одржаа состаноци со Училишниот одбор и Совет на родители, Наставничкиот совет,Кординаторите на стручните активи и ученичката заедница.

Инспекторите ги посетија часовите на сите наставници.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи , посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од Државни просветни инспектори констатира дека работата во Средно Општинско Училиште Гимназија„ Гоце Делчев"Куманово , е **3.35 ( добро[1]).**

Наставата во училиштето се реализира во согласност со наставните планови и програми за средно образование, кои на предлог на Биро за развој на образование, ги утврдува Министерот за образование и наука. Постапката за избор на изборните наставни предмети се спроведува во согласност со насоките дадени од страна на Биро за развој на образованието. Изборот го вршат учениците и нивните родители од листа на предмети преку анкетирање.

За реализација на наставните програми наставниците изработуваат годишни, тематски и оперативни планови за реализација на наставниот час. Најголем број од планирањата ги содржат неопходните елементи кои овозможуваат успешна организација и реализација на наставниот час.

Во училиштето се изготвени инструменти за следење на наставата од страна на директорот и стручниот соработник со однапред поставена цел и при тоа редовно се изготвува извештај на крајот од секое спроведено следење на планирањата и наставата.

Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2019/2020 година планирани се разновидни вонаставни активности кои ќе ги одразат потребите и интересите на учениците и ќе влијаат врз нивниот личен и социјален развој. Реализацијата на вонаставните активности во минатата учебна година е многу добра, а опфатот на учениците во вонаставните активности е целосен.

Родителите се изјаснија дека редовно се информирани за индивидуалниот напредок на своите деца и дека се задоволни од ангажманот на наставниците.

Воспитно образовната работа во Средно Општинско Училиште Гимназија„ Гоце Делчев"Куманово се остварува врз основа на наставните планови и програми за гимназиско образование. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Во училиштето покрај редовната настава се планира и реализира дополнителна, додатна настава и вонаставни активности.

Реализацијата на вонаставните активности и проектните активности е добра. Проектните активности се релзираат согласно прирачникот за реализација на проектните активности. Изборот на проектните активности се врши за учениците од 2,3 и 4 година се врши од 15 до 30 мај во предходната учебна година а додека за учениците во 1 година од 1 до 15 септември за учебната година за која ќе се реализираат истите. Во училиштето се реализираат слободни ученички активностипо однапред утврдена програма. За секоја слободна ученичка активност има определено одговорни наставници.

Училиштето редовно учествува на ученички натпревари на општинско, регионално, државно ниво и на меѓународни натпревари.

Во училиштето се врши идентификација на учениците кои имаат потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби, како и на надарените ученици и континуирано се следи нивниот напредок. Во училиштето нема ученици со посебни образовни потреби(ПОП), со наод и мислење за попреченоста од соодветна институција. Директорот има донесено Решение за формирање училишен инклузивен тим (УИТ) кој се

грижи за инклузивните практики на ниво на целото училиште.Училиштето има изготвено програма училишниот инклузивен тим за работа со ученици со ПОП и надарени учениц.

При уписот на учениците во прво година се врши идентификација на учениците со посебни образовни потреби од стручните соработници-1 педагози и 1 психолог во соработка со класните раководители.

Постои добра соработка на наставниците од училиштето со наставници од други училишта на ниво на регион и пошироко.

Во училиштето добра се интензивирана соработката ученици-наставници и родители со вклучување и реализирање на активности во рамки на проекти во кои е вклучено училиштето.

Во Годишната програма за работа на училиштето планирани се ученички натпревари. Училиштето преку разни форми на наставни и воннаставни активности им дава поддршка и помош на учесниците пред одржувањето на истите.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според пол и етничка припадност), се анализираат причините за неоправдано и оправдано отсуство од наставата. Постојат споредбени анализи за бројот на оправдани и неоправдани изостаноци и редовноста на учениците. Од споредбените анализи утврдено е дека просечниот број на оправдани изостаноци на ниво на училиште за учебната 2016/2017 година изнесува 50,2 изостаноци по ученик, во учебната 2017/2018 година изнесува 51 изостаноци по ученик, и во учебната 2018/2019 година изнесува 49,95 изостаноци по ученик. Просечниот број на неоправдани изостаноци на ниво на училиште за учебната 2016/2017 година изнесува 5,5 изостаноци по ученик, во учебната 2017/2018 година изнесува 5,95 изостанок по ученик, и во учебната 2018/2019 година изнесува 5,31 изостаноци по ученик.

Постигањата на учениците се следат од страна на предметниот наставник односно класнинте раководител.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Најчести причини за намалувањето на бројот на ученици е преселување на друго место на живеење и иселувањето во странство. Во учебната 2016/2017 година, испишани се 10 ученици, во 2017/2018 година испишани се 11 ученик, во учебната 2018/2019 испишани се 10 ученика, а во текот на 2019/2020 година до моментот на инспекцискиот надзор нема испишани ученици.

Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручната служба. Наставниците редовно ги изготвуваат годишните и тематските планирања во согласност со наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образование донесени од Министерот за образование и наука.

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала делумно задоволува, од страна на директорот се прават напори за подобрување нагледните средства и други технички помагала за секоја учебна година. Училиштето ги утврдува потребите од наставни средства и помагала и настојува да ги обновува согласно моќностите на воспитно-образовниот процес.

Од информатичко – комјутерска технологија училиштето располага со 7 - ЛЦД проектори, 1 смарт табли, 8 смарт телевизори, 2 интерактивни табли, 100 функционални монитори односно работни места за учениците распоредени во 5 училници, 67 интел преносно компјутери (мали лап топ компјутери) за наставниците и 7 лаптопи на стручните активи. Добар дел од наставници водат ученички портфолија.

За успехот и постигнатите резултати Родителите добиваат информации на заедничките родителски состаноци и индивидуалните средби,приемни денови и преку пристапот до Е-дневникот.

Училишта располагаат со доволен училнички простор за изведување на редовна настава освен за реализација на часовите по спорт и спортски активности во зимскиот период кога се спречени поради временските услови да ги користат надворешните терени а се реализираат истовремено часови со две паралелки во спортската сала. Училниците се пространи и природно осветлени, соодветни на училишните стандарди и возраста на учениците за изведување на настава.

Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, прозорците, струјните места, дворот итн.) е безбедна. Секоја календарска година се изведува симулација за евакуација на вработените и учениците во случај на пожар и други елементарни непогоди,последната изведена симулација за евакуација на вработените и учениците во

случај на пожар и други елементарни непогоди е 22.04.2019година. Училиштето поседува документација за извршено сервисирање на 25 ПП апарати, и 13 хидранти од надлежни и овластени институции, последен пат е сервисирана громобрановата инсталација во декември 2019 година.Постојат осигурителни полиси за учениците, вработените и училишниот имот и опрема.

На учениците им се обезбедуваат јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование.

Преку редовните презентации од страна на универзитетите од републиката, учениците се запознаваат со конкурсите за упис и условите за работа на универзитетите. Воспитно-образовниот процес во Средно Општинско Училиште Гимназија„ Гоце Делчев“Куманово го реализираат 97 вработени од кои 76 наставен кадар, 1 директор 2 стручни соработници (1 педагози, 1 психолог и 2 наставници кој доплнуваат часови во библиотеката), 2 административен персонал (1 секретар, 1 благајник), 16 лица технички персонал ( 1 хаусмајстор, 2 ноќни чувари,1 домаќин и 12 хигиеничари).

Училиштето има програма за работа на библиотеката. Училишната библиотека има книжен фонд од 25.000 примероци, од кои лектирни изданија се 4481, стручна литература 3139, Слободна литература 6679 и други. Библиотеката е добро уредена, има уредено простор за читална и истата е опремена со компјутер и интернет. При издавање се води електронска евиденција и во во пишана форма на насловите и читателите. Библиотекарот уредно го води проектот Бесплатни учебници.

Училиштето има документ – програма за професионален развој наставниците и стручните соработници, но нема целосно обезбедени финансиски средства за таа намена.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и се предлагаат на усвојување до Советот на општината.

Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и во согласност со финансиските можности ги обезбедува. Директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки. Во училиштето има 1 лице со сертификат за јавни набавки, кој заедно со комисијата и помош од директорот ги спроведуваат јавните набавки во училиштето. Училиштето има изготвено План за јавни набавки за 2019 година и истиот е разгледан и усвоен од страна на Училишниот одбор со одлука за усвојување на Годишниот план за јавни набавки за 2020 година, е заведен под арх.бр. 01-176/2 од 20.11.2019 година.

Училиштето има изработено самоевалуација во која прецизно се набележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат. Училиштето има изготвено самоевалуација со дел. бр.02-777/5 од 29.10.2019 година за период септември 2017 до август 2019година .

Училиштето има изготвено Годишната програма за работа за учебна година 2019/20 година и истата е донесена 20.08.2019 со дел бр.01-580/1. Во Годишната програма за работа на училиштето целосно е вградена училишната политика за развој на училиштето и подобрување на воспитно образовниот процес и во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.

Врз соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето. Училиштето има изготвено Програма за развој на училиштето и истата е донесена 22.11.2019 со дел бр.02-838/9 за периодот одсептмври 2019 до август 2023 година.Во Програмата целите на развојната политика се прецизно и јасно отсликани во мисијата и визијата на училиштето. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со рокови на извршување и носители на активности.

Училиштето има изготвено Статут бр. 01-425/1 од 27.6.2019година, за кое има согласност од Министерството за образование и наука Скопје, но истиот не е усогласен со законските измени од тогаш до моментот на вршење Интегралната еволација.